Со прифаќање на општите правила и услови за користење на веб-страницата на **Приватен научен институт АКАДЕМИЈА ЗА ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА-ЕНДОМАК Скопје**, корисникот неотповикливо се обврзува, како автор на стручни статии, колумни, текстови, предавања и мислења од областа на стоматологија, за потребите на стручното списание од областа на стоматологија "JAADE" во издаваштво на **Приватен научен институт АКАДЕМИЈА ЗА ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА-ЕНДОМАК Скопје**, на следната:

## *ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ*

При чиста свест и здрав разум, неприсилен /-а од никого, свесен/-на за последиците од давање на предметната изјава и притоа поучен/-а за своите права согласно Законот за заштита на лични податоци и Законот за авторски права и сродни права, изјавувам дека моите стручни статии, колумни, текстови, предавања и мислења од областа на стоматологија, кои се создадени за потребите на стручното списание од областа на стоматологија "JAADE" и нивно понатамошно објавување и публикување, се лично мои авторски текстови и истите не претставуваат копија (плагијат), целосна или делумна на останати авторски дела од областа на стоматологијата.

Се согласувам да учествувам и да бидам дел од промотивно-маркетиншките кампањи на **Приватен научен институт АКАДЕМИЈА ЗА ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА-ЕНДОМАК Скопје** за промоција и рекламирање на стручното списание од областа на стоматологија "JAADE", вклучително и учество во аудио-визуелни рекламни спотови, фотографии објавени на веб-страница на **Приватен научен институт АКАДЕМИЈА ЗА ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА-ЕНДОМАК Скопје**, официјален кориснички профил на социјалните мрежи Facebook, Instagram, Twitter и др., телевизиски спотови и видеа, рекламни банери и останати маркетиншки средства.

**Во случај на истакнато барање од трето лице спрема Приватен научен институт АКАДЕМИЈА ЗА ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА-ЕНДОМАК Скопје за надомест на штета поради повреда на авторски права и останати права од интелектуална сопственост поради објава на мој текст во стручното списание "JAADE", изјавувам дека во целост ќе ја надоместам причинетата штета и ќе застанам во одбрана на правата на Приватен научен институт АКАДЕМИЈА ЗА ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА-ЕНДОМАК Скопје.**

Предметната согласност е со неограничена важност и истата е правно валидна за потребите за кои истата е издадена.

Со давање на предметната согласност, изјавувам дека согласноста е дадена како дел од професионалниот ангажман во **Приватен научен институт АКАДЕМИЈА ЗА ЕСТЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА-ЕНДОМАК Скопје**, свесен/-на дека со издавање на предметната согласност му ги отстапувам правата за издавање, ре-објавување и размножување на неограничен број примероци од авторското дело, сродното право и останати права од интелектуална сопственост, кои се создаваат со објава на мојот текст во стручно списание "JAADE".